УЖ-3.бр.1418/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Никола Додевски од Скопје, против Пресудата и Решението на Управниот суд У-5.бр.1117/2019 и У-5.бр.1429/2019 од 03.10.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 06.10.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1117/2019 и У-5.бр.1429/2019 од 03.10.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.1117/2019 и У-5.бр.1429/2019 од 03.10.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1117/2019 и У-5.бр.1429/2019 од 03.10.2019 година тужбата на тужителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-338/7 од 16.05.2019 година, ја одбил како неоснована. Управниот суд со Решение донесено под истиот број и датум, барањето на тужителот за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-161/10 од 25.04.2019 година на договорниот орган, го одбил како неосновано.

Против пресудата и решението на Управниот суд преку полномошник Адвокатско друштво Никола Додевски од Скопје жалба

изјави тужителот поради сторени суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда и решение да се преиначат на начин што тужбата да се усвои и оспореното решение поништи, како и барањето за времена мерка да се уважи.

Одговор на жалба е поднесен од заинтересираното лице Друштво за производство, промет, застапување и посредување МАН ИМПОРТЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, преку полномошник Данче Чакаровска Горздановска, адвокат од Скопје, со предлог жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучувањето на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Судот од увидот во списите по предметот утврдил дека договорниот орган ЈП Национални шуми - Скопје, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.02-1060/6/2018, за набавка на стоки - товарни возила (камиони), за што претходно била донесена Одлука за спроведување на јавна набавка бр.02-1060/1 од 21.12.2018 година. Со оглед на висината на проценетата вредност на јавната набавка, договорниот орган спровел технички дијалог за што изготвил и Записник од спроведен технички дијалог бр.02-1060/4 од 21.12.2018 година, а постапката била објавена на ЕСЈН, како и во Службен весник на РМ и Службеното гласило на ЕУ. Набавката била неделива и истата се спроведувала во хартиена форма и било предвидено да заврши со спроведување на Е - Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да достават документи за утврдување на личната состојба, ДРД образец, документи за докажување на техничката или професионалната способност, Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Договорниот орган во два наврати извршил и измени на Тендерската документација и истите ги објавил на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите - 26.02.2019 година пристигнале вкупно 5 понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.02-161/5 од 26.02.2019 година, по што по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите Комисијата за јавни набавки при договорниот орган, било оценето дека само еден понудувач поднел прифатлива понуда и бил поканет да поднесе конечна цена на закажаната Е-Аукција за што бил составен

Извештај од спроведена постапка бр.02-161/9 од 19.04.2019 година, по што Комисијата при договорниот орган дала предлог за избор на најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор - ЈЗУ Ман Импортер Македонија ДООЕЛ - Скопје, кој предлог бил прифатен од одговорното лице и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-161/10 од 25.04.2019 година.

Против одлуката за избор на најповолен економски оператор, МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со Решение бр.09-338/7 од 16.05.2019 година, ја одбила како неоснована.

Незадоволен од оспореното решение тужителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје повел управен спор, па Управниот суд постапувајќи по тужбата и барањето за издавање времена мерка донел Пресуда У-5.бр.1117/2019 и У-5.бр.1429/2019 од 03.10.2019 година со која тужбата ја одбил како неоснована, а со Решение под истиот број и датум, донесено во повторна постапка, барањето на тужителот за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-161/10 од 25.04.2019 година на договорниот орган, истоа така го одбил како неосновано. Судот сметал дека оспореното решение е правилно и дека со неговото донесување не е повреден законот на штета на тужителот. Според судот тужениот орган при одлучувањето правилно ги применил одредбите од Законот за јавни набавки, кога жалбата на економскиот оператор МАК АУТОСТАР ДООЕЛ од Скопје, ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 точка 11 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 165/17), тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата.

Согласно точките 18 и 24 од Законот за јавните набавки, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно членот 129 став 1 од истиот Закон, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 140 став 8 од истиот Закон, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.

По наоѓање на Вишиот управен суд, Управниот суд правилно одлучил кога прифатил дека предметната постапка за избор на најповолна понуда била спроведена согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Имено, иако во образецот на понудата тужителот навел дека ги исполнува сите барани услови согласно Техничките спецификации од Тендерската документација, истата не содржела соодветен сликовит приказ на бараното возило - предмет на постапката, туку само технички спецификации и опис на возилото кое се нуди, од која слика како документ може да се заклучи дека возилото кое го нуди тужителот не одговара на Техничките спецификации од Тендерската документација, а исто така во Техничките спецификации не биле содржани сите ставки од опремата која се барала, додека во поглед на гаранцијата на надградбата истата не била со гарантен период од 36 месеци, туку со 12 месеци, поради што договорниот орган правилно ја исклучил од понатамошна евалуација како неприфатлива.

Вишиот управен суд при одлучувањето по жалбата ги ценеше жалбените наводи со кои се побива пресудата на Управниот суд по сите основи, пдносно дека побиваната пресуда има недостатоци поради кои не може да се испита, дека не биле центи тужбените наводи, како и дека фактичката состојба е неправилно утврдена, затоа што не биле ценети доказите приложени кон тужбата, кои да биле правилно ценети би се утврдило дека тужителот во целост ги исполнувал бараните технички спецификации на предметната јавна набавка, дека при евалуацијата на понудата не била евалуирана официјалната понуда, туку документот во кој биле дадени слики и цртежи од моделот кој тужителот го нудел, а што не било официјална понуда, туку само дополнителен документ, за сликовито појаснување, не биле ценето дека тужителот ги исполнувал и условите по однос на барониот гарантен рок, на кој начин органот постапил незаконски при евалуацијата на понудите, но најде дека се неосновани. Имено, во образложението на оспореното решение се дадени јасни и образложени причини за решителните факти од кои тужениот орган се раководел при одлучувањето и тоа по сите основи, така што Управниот суд при донесувањето на пресудата со тоа што го прифатил образложението дадено од страна на тужениот орган не може да се прифати дека сторил повреди на постапката и дека на дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд. Во конкретниот случај во однос на гарантниот рок тужителот не го имал во предвид известувањето на ЈП Македонски шуми бр.02-161/4 од 13.02.2019 година во кое е извршена измена во однос на техничката спецификација.

Ценејќи ги наводите по однос на барањето на тужителот за донесување на времена мерка, по наоѓање на овој суд правилно постапил Управниот суд кога со побиваното решение го одбил како неосновано, имајќи во предвид дека тужбата е одбиена како неоснована, со оглед на фактот дека повеќе не постои правен основ, поради кој тужителот побарал издавање на времена мерка.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид наведеното одлучи како во изреката на пресудата и решението согласно член 7-а од Законот за управните спорови, а во врска со член 357 и 370 став 1 точка 2 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 06.10.2020 година под УЖ-3.бр.1418/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот со
изворникот ја потврдува
Судски службеник